Агенција за промоција и поддршка
на туризмот на Република Македонија
Бр. 04-356/25
29. 05 2019 год.
Скопје

# Влада на Република Северна Македонија

## - АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

**ОДЛУКА**

за избор на административен службеник за унапредување во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

1. Кандидатите:
   **- Никола Ѓошев и**
   **- Неби Ахмети**,
   се избираат за работно место УПР0101В01000 - Советник за меѓународна соработка и промоција на туризам – 2 (двајца) извршители, во Одделение за промоција, маркетинг и меѓународна соработка, во Секторот за промоција на туризмот, анализа, истражување и меѓународна соработка.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.01/2019.

3. Именуваните ќе биде унапредени на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Образложение

Со Интерен оглас бр. 01/2019 за унапредување административни службеници објавен на веб страните на АППТ и Агренцијата за администрација на ден 14.05.2019 година беше огласена потребата од унапредување на 6 (шест) административени службеници. За работно место УПР0101В01000 Советник за меѓународна соработка и промоција на туризам 2 (двајца) извршители, во Одделение за промоција, маркетинг и меѓународна соработка, во Секторот за промоција на туризмот, анализа, истражување и меѓународна соработк, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015 и 35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас и работното место се пријавија двајца кандидати и по спроведувањето на севкупната постапка од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати, предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, како и погоренаведеното, Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија • Скопје •

Директор
Љупчо Јаневски

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на АППТ